АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-4864/1
17.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# НАЦРТ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2026 ГОДИНА

СОДРЖИНА:

ВОВЕД....4
I. Унапредување на медиумската регулатива....5
II. Унапредување на внатрешната организација на Агенцијата....5
III. Поттикнување на плурализмот на медиумските содржини и истражувачкото новинарство....6
IV. Поттикнување на процесот за воведување дигитално радио (DAB)....6
V. Надзор над медиумското покривање на локалните избори во општините Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште и Центар Жупа....7
VI. Исполнување на законските и другите обврски од страна на субјектите што се предмет на регулација....7
IV. A Програмски надзори....7
IV.B. Административни надзори....9
IV.C. Стручен надзор....12
VII. Заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите....13
VIII. Транспарентност на медиумската сопственост....13
IX. Дозволи за телевизиско или радио емитување....14
X. Социјална инклузија....14
XI. Медиумска писменост....15
XII. Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите....16
XIII. Водење на регистри, евиденција и ажурирање....17
XIV. Анализи, студии и истражувања....18
XV. Меѓународна соработка....19
XVI. Процес на европска интеграција....20
XVII. Транспарентност во работењето и комуникација со јавноста....21
XVIII. Унапредување на институционалниот капацитет на Агенцијата....23
XIX. Внатрешна ревизија во Агенцијата....24

## ВОВЕД

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е независно регулаторно тело надлежно за прашањата што се предмет на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и на Законот за медиуми. Во рамките на своите надлежности, Агенцијата спроведува активности насочени кон остварување на целите утврдени со ЗААВМУ, за да се обезбеди:

- развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,
- промовирање на слободата на изразување,
- развој на независната продукција,
- поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници,
- поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој,
- заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица,
- развој на медиумската писменост,
- техничко-технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество,
- поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи и
- развој на економијата во РС Македонија

Во согласност со своите законски обврски, Агенцијата обезбедува транспарентност, независност, ефикасност и отчетност во работењето на медиумскиот сектор и во сопственото регулаторно делување.

При подготовката на Програмата за работа за 2026 година, Агенцијата се раководеше од одредбите на ЗААВМУ и Законот за медиуми, како и од стратешките цели и активности утврдени во Стратешкиот план на Агенцијата за периодот 2024 – 2028 година. Во програмата се утврдени активностите што Агенцијата ќе ги спроведува во текот на годината, преку кои ќе се обезбеди доследно спроведување на законските обврски, поттикнување на медиумскиот плурализам и професионалните стандарди, унапредување на медиумската писменост, заштита на правото на слободно изразување и пристап до информации, како и поддршка на процесот на европска интеграција на РС Македонија. Приоритетни активности на Агенцијата во 2026 година ќе бидат унапредување на медиумската регулатива, унапредување на внатрешната организација на Агенцијата и поттикнување на плурализмот на медиумските содржини и истражувачкото новинарство. Реализацијата на овие приоритети ќе овозможи понатамошно усогласување на законската рамка со европските стандарди, ефективно спроведување на новите надлежности што произлегуваат од проширената медиумска регулатива и создавање услови за поттикнување на квалитетна и разновидна медиумска понуда, јакнење на домашната продукција и развој на професионално и независно истражувачко новинарство. Преку нивната имплементација, Агенцијата ќе продолжи да го унапредува јавниот интерес во областа на медиумите и да придонесува кон развој на демократско и информирано општество.

## I. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕДИУМСКАТА РЕГУЛАТИВА

Како орган кој е надлежен за спроведување на медиумската регулатива, Агенцијата има непосреден увид во примената на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Законот за медиуми, како и во реалните предизвици што се појавуваат при нивната имплементација. Врз основа на долгогодишното искуство со примената на медиумските закони, сеопфатната запознаеност со состојбите на медиумскиот пазар и познавањето на европските прописи и стандарди, Агенцијата ќе изработи анализа за да ги идентификува слабостите и празнините во постојната регулатива и да предложи насоки за нејзино подобрување. Анализата ќе биде доставена до Министерството за дигитална трансформација за да му послужи како стручна подлога при подготовка на идни измени и дополнувања на законската рамка.

Цел: Активно учество во унапредувањето на медиумската регулатива, преку обезбедување стручен придонес кон процесот на креирање законска рамка која ќе одговара на современите трендови во медиумската индустрија и која ќе биде усогласена со европските правила и стандарди.

Активности:

- **Анализа на постојната регулаторна рамка, идентификување на потребните измени и дополнувања, со препораки и предлози за нејзино подобрување**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Изработена анализа

## II. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА

Со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2023 година и на Законот за медиуми од 2025 година, во доменот на медиумската регулатива беа внесени нови субјекти – физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (инфлуенсери/креатори на содржини/влогери), платформите за споделување видеа и онлајн медиумите-интернет портали. Ваквата проширена надлежност на Агенцијата нужно бара да се спроведе и соодветна реорганизација на стручната служба, и тоа преку прераспределба на активностите меѓу постоечките или преку оформување нови организациони единици за вршење надзор над новите субјекти што се предмет на регулација. Исто така, ќе биде потребно да се усогласи организационата поставеност и на другите организациони единици за кои произлегуваат дополнителни работни задачи во врска со наодите утврдени со надзорот, како и од другите проширени надлежности на Агенцијата.

Цел: Обезбедување ефикасна организациска и кадровска поставеност на Агенцијата за успешно спроведување на новите надлежности што произлегуваат од проширената медиумска регулатива.

Активности:

- **Измени на „Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ и на „Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“**

Период на реализација: Во првата половина на годината
Резултат: Изменети акти

## III. ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ И ИСТРАЖУВАЧКОТО НОВИНАРСТВО

Агенцијата ќе изработи „Концепт за развој на фондот за поддршка на медиумскиот плурализам" и ќе го достави до Министерството за дигитална трансформација, за да послужи како основа за креирање и дизајн на фондот, особено во врска со клучните прашања како што се изворот и износот на фондот, субјектите кои ќе може да ги користат средствата, телото што ќе управува со фондот, односно ќе распишува конкурси, ќе врши евалуација на пријавите, ќе ги распределува средствата и ќе се грижи за транспарентност и надзор над користењето на средствата, како и утврдување на јасни и прецизни критериуми за оценување на поднесените пријави при конкурирање за користење на средствата од фондот. Документот, меѓу другото ќе содржи и споредбена анализа на начинот на кој овие прашања се уредени во земјите во кои веќе е воспоставен ваков систем на поддршка на плурализмот и истражувачкото новинарство, како што се Ирска, Хрватска и Црна Гора.

**Цел:** Обезбедување стручен придонес за развој на Фонд за медиумски плурализам, дизајниран на начин што ќе претставува долгорочен инструмент за поттикнување на квалитетна и разновидна медиумска понуда, јакнење на домашната аудиовизуелна продукција и развој на професионално и независно истражувачко новинарство.

**Активности:**

- **Изработка на Концептот**

  Период на реализација: Во првата половина на годината
  Резултат: Изработен Концепт за развој на фондот за поддршка на медиумскиот плурализам

## IV. ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ДИГИТАЛНО РАДИО (DAB)

Во 2026 година Агенцијата ќе го поттикнува започнувањето на процесот за воведување дигитално радио (DAB) во РС Македонија, имајќи предвид дека овој стандард веќе е развиен и општо прифатен во Европа, вклучително и во соседните земји, додека кај нас процесот воопшто не е ни започнат. За таа цел, Агенцијата ќе иницира заеднички работни состаноци со Министерството за дигитална трансформација и Агенцијата за електронски комуникации за да се утврдат активностите и конкретните чекори потребни за воспоставување на дигиталното радио (DAB).

**Цел:** поттикнување на процесот за воведување на дигитално радио (DAB).

**Активности:**

- **Иницирање работни состаноци со релевантни институции**

Период на реализација: Во текот на годината

Резултат: Одржани работни состаноци со релевантните институции

# V. НАДЗОР НАД МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО ОПШТИНИТЕ ГОСТИВАР, МАВРОВО И РОСТУШЕ, ВРАПЧИШТЕ И ЦЕНТАР ЖУПА

Согласно обврските од Изборниот законик, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во првата половина од 2026 година, ќе врши мониторинг врз програмските сервиси на неколку радиодифузери за медиумското покривање на Локалните избори во општините Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште и Центар Жупа.

Цел: Да се обезбеди почитување на правилата за медиумско претставување пропишани во Изборниот законик

Активности:

- **Надзор врз програмите на радиодифузерите во согласност со Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси**

Период на реализација: Во првата половина од годината

Резултат: Писмени извештаи од извршен надзор

# VI. ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ И ДРУГИТЕ ОБВРСКИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ ШТО СЕ ПРЕДМЕТ НА РЕГУЛАЦИЈА

## IV. A ПРОГРАМСКИ НАДЗОРИ

Една од клучните надлежности и обврски на Агенцијата е да се грижи за спроведувањето на програмските обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, подзаконските акти донесени врз основа на истиот и во дозволите за емитување телевизиска или радиопрограма. За да се обезбеди почитување на овие обврски, Агенцијата во согласност со „Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)" ќе спроведува програмски надзори, и тоа: редовен програмски надзор според Годишниот план за вршење програмски надзор за 2026 година; вонреден програмски надзор, врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата;

и контролен програмски надзор, по истекот на рокот утврден во изречената мерка јавна опомена. Програмскиот надзор (мониторинг) ќе се врши врз програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и врз програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволите за емитување, издадените потврди за регистрација на пакетите, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

## ПРОГРАМСКИ НАДЗОРИ НАД РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Предмет на програмските надзори над телевизиите и радиостаниците ќе бидат следните обврски:

- стандардите за човековите права и начелата за емитување програма;
- за заштита на малолетните лица;
- одредбите за поттикнување и заштита на културниот идентитет;
- правилата за емитување комерцијални комуникации;
- програмскиот концепт за кој е издадена дозволата за емитување;
- одредбите за настани со ексклузивни права на емитување и за правото на кратко известување; и
- други програмски обврски (емитување квизови и други програми во кои се ветуваат награди; минимално времетраење на дневното емитување; користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во програмите; емитување игри на среќа; поврзување во единствен систем за емитување заедничка програма итн).

Цел: Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволите за радио и телевизиско емитување, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Активности:

➢ **Програмски надзори врз програмите на радиодифузерите во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

## ПРОГРАМСКИ НАДЗОРИ НАД ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Следниве програмски обврски ќе бидат предмет на надзорите врз услугите видео по барање:

- почитувањето на начелата за вршење на дејноста и посебните забрани;
- за заштита на малолетните лица и за заштита на нивните лични податоци;
- правилата за емитување европски аудиовизуелни дела;
- правилата за објавување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- одредбите за програмите со наградно учествување.

Цел: Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Активности:

- **Програмски надзори врз каталозите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

## ПРОГРАМСКИ НАДЗОРИ НАД ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

Предмет на надзор над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ќе биде исполнувањето на следните законски обврски:

- регистрирање на програмските сервиси што ги реемитуваат,
- заштита на малолетните лица,
- употреба на јазикот,
- реемитување на програмските сервиси на домашните радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерот има дозвола за емитување, и
- дополнителни обврски за нив утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Цел: Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Активности:

- **Програмски надзори врз програмските пакети на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

## IV.В. АДМИНИСТРАТИВНИ НАДЗОРИ

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во Законот за медиуми се утврдени и повеќе административни обврски за давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за печатените медиуми и за онлајн медиумите-интернет порталите. За да се обезбеди исполнување на овие обврски Агенцијата ќе спроведува административни надзори, и тоа: редовен административен надзор, според Годишниот план за вршење административен надзор за 2026 година; вонреден административен надзор, врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по

службена должност на Агенцијата; и контролен административен надзор, по истекот на рокот утврден во изречената мерка јавна опомена.

## АДМИНИСТРАТИВНИ НАДЗОРИ НАД РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Предмет на административните надзори над радиодифузерите ќе бидат следните обврски:

- објавување импресум;
- обезбедување пристап до информации што треба да им бидат достапни на корисниците;
- идентификација на програмски сервис;
- дневна евиденција на емитуваната програма;
- снимање на излезниот сигнал од програмата;
- доставување извештај за исполнување на програмскиот концепт;
- обезбедување јавност во работењето; и
- исполнување на минималните кадровски услови.

Предмет на административен надзор во 2026 година ќе биде и исполнувањето на обврските на радиодифузерите за плаќање на годишниот надоместок за дозволите за телевизиско и радио емитување, а по потреба ќе се врши и административен надзор во однос на евентуално престанување со емитување програма подолго од 30 дена.

Цел: Зголемување на почитувањето на административните обврски на радиодифузерите што произлегуваат од Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти.

**Активности:**

- **Административни надзори врз работењето на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## АДМИНИСТРАТИВНИ НАДЗОРИ НАД ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Следниве обврски ќе бидат предмет на надзорите врз услугите видео по барање:

- Одредбите за чување на програмите од каталогот и за испорачување на сигналот до соодветна локација;
- Обезбедувањето информации за корисниците;
- Правилата за обезбедување услуги по барање – регистрација и плаќање на надоместокот.

**Цел:** Зголемување на почитувањето на административните обврски од страна на аудиовизуелните медиумски услуги по барање.

**Активности:**

- **Административни надзори врз аудиовизуелните медиумски услуги по барање**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## АДМИНИСТРАТИВНИ НАДЗОРИ НАД ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

Во 2026 година, предмет на административен надзор кај операторите ќе биде исполнувањето на обврската за плаќање на годишниот надоместок за надзор кој го врши Агенцијата.

**Цел:** Зголемување на почитувањето на административните обврски од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи.

**Активности:**

- **Административни надзори врз операторите**

  Период на реализација: Првата половина од годината
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## АДМИНИСТРАТИВНИ НАДЗОРИ НАД ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ

Предмет на административните надзори над издавачите на печатени медиуми ќе бидат следните обврски од Законот за медиуми:

- објавување импресум;
- заштита на малолетната публика;
- именување на одговорен уредник; и
- обезбедување јавност во работењето.

**Цел:** Исполнување на обврските на издавачите на печатени медиуми.

**Активности:**

- **Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## АДМИНИСТРАТИВНИ НАДЗОРИ НАД ОНЛАЈН МЕДИУМИТЕ-ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИТЕ

Предмет на административните надзори над онлајн медиумите – интернет порталите ќе бидат следните обврски од Законот за медиуми:

- објавување импресум;
- заштита на малолетната публика;
- именување на одговорен уредник; и
- обезбедување јавност во работењето.

**Цел:** Исполнување на обврските на издавачите на онлајн медиумите – интернет портали.

**Активности:**

- **Административен надзор над работењето на издавачите на онлајн медиумите – интернет портали**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## IV.C. СТРУЧЕН НАДЗОР

Предмет на стручен надзор во 2026 година ќе бидат оние радиодифузери на кои Агенцијата ќе им додели нови дозволи за телевизиско или радио емитување, како и оние кои во 2026 година ќе извршат промена на просториите во кои ја произведуваат програмата или ќе ги прошират со нови студиски простории.

**Цел:** Исполнување на техничките услови за вршење на дејноста.

**Активност:**

- **Стручен надзор на радиодифузерите**

  Период на реализација: По издавање дозвола за радио или телевизиско емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории
  Резултат: Записници од извршени стручни надзори

## VII. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

За да спречи концентрација на медиумската сопственост кај мал број сопственици, како и концентрација на клучните медиумски активности (производство на содржини, емитување, дистрибуција и сл.) во рацете на една компанија или група, Агенцијата во 2026 година во континуитет ќе го следи почитувањето на законските одредби кои се однесуваат на ограничувањата за стекнување сопственост во радиодифузерите, посебните забрани за стекнување сопственост и спречувањето недозволена медиумска концентрација.

Цел: Обезбедување плурализам на сопственоста на радиодифузерите.

**Активности:**

- **Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на целата година, по поднесени известувања
  Резултат: Одлуки за одобрување или забрана за промена на сопственичка структура

- **Следење на сопственичката структура на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од спроведени административни надзори; поведени постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

## VIII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МЕДИУМСКАТА СОПСТВЕНОСТ

За да обезбеди поголема транспарентност на сопственоста на медиумите, Агенцијата на својата веб страница ќе обезбеди посебен банер со податоци за сопственичката структура на телевизиите, радиостаниците, издавачите на печатени медиуми и издавачите на онлајн медиуми-интернет портали. Во согласност со „Препораката CM/Rec(2018)1 за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост", од март 2018 година на Комитетот на министри, Агенцијата ќе изработи извештај за медиумската сопственост, со опис на медиумската сопственост, промени во сопственичката структура и констатирана недозволена медиумска концентрација кај радиодифузерите.

Цел: Зголемена транспарентност на медиумската сопственост.

**Активности:**

- **Изработка на посебно визуелно решение со податоци за сопствениците на медиумите**

Период на реализација: Во првиот квартал од годината
Резултат: Обезбеден посебен банер на веб страницата на Агенцијата

- **Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост**

  Период на реализација: Прва половина на 2026 година
  Резултат: Изработен извештај за медиумската сопственост

## IX. ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ

Агенцијата ќе доделува дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и без објавување јавен конкурс. По пат на јавен конкурс ќе се доделуваат дозволи за програмски сервиси што се емитуваат преку ограничен ресурс (преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс или радиофреквенции), а по претходно изработена студија со која ќе се утврди дека постои оправданост за објавување јавен конкурс. Без објавување јавен конкурс ќе се доделуваат дозволи за програмски сервиси што се емитуваат преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа или преку сателит, но по доставено уредно барање од заинтересирана страна и доколку барателот ги исполнува условите и обврските утврдени со ЗААВМУ и прописите донесени врз основа на него.

**Цел:** Зголемен квалитет на телевизиски и радио содржини коишто и се достапни на публиката, како и овозможување јавноста да има пристап до повеќе информации од различни извори.

**Активности:**

- **Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и без објавување јавен конкурс**

  Период на реализација: По потреба, во текот на целата година, и тоа по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна
  Резултат: Доделени дозволи за телевизиско или радио емитување

## X. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

Во 2026 година Агенцијата ќе спроведе мониторинг врз давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во врска со почитувањето на обврските од Правилникот за пристапност до медиумските услуги. Мониторингот ќе се спроведе врз основа на годишните извештаи што давателите на медиумски услуги за прв пат ќе ги доставаат оваа година, а кои се однесуваат на начинот на кој обезбедиле пристапност до своите услуги на лицата со попреченост во 2025 година.

Цел: Поголема пристапност до содржините на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост.

Активности:

- **Надзор над исполнувањето на обврската за доставување годишен извештај за реализацијата на акциските планови за пристапност за 2025 година**

  Период на реализација: Во првата половина на годината
  Резултат: Извештаи од извршени надзори

- **Надзор над спроведувањето на акциските планови за пристапност за 2026 година**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Извештаи од извршени надзори

- **Работилница со заинтересирани страни за спроведувањето на обврските за пристапност**

  Период на реализација: Во првата половина на годината
  Резултат: Одржана работилница

## XI. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Агенцијата ќе продолжи да ја исполнува својата обврска за поттикнување на медиумската писменост, во соработка со членките на Мрежата за медиумска писменост, со други релевантни чинители од земјата, како и со меѓународните организации/мрежи во коишто членува.

Цел: Повисок степен на компетенции за медиумска писменост на граѓаните.

Активности:

- **Поддршка на Мрежата за медиумска писменост**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Реализирани состаноци на Мрежата и спроведени проекти; уредување, ажурирање и одржување на веб сајтот и на профилите на социјалните медиуми на Мрежата; и координација на електронската комуникација во Мрежата

- **Организација на Денови на медиумска писменост 2026**

  Период на реализација: Во втората половина на годината
  Резултат: Одржани Денови на медиумска писменост 2026

- **Подигање на свеста кај јавноста за значењето на медиумската писменост**

  Период на реализација: Во текот на годината – по потреба
  Резултат: Изработен пропаганден материјал и спроведени активности

- **Истражување на медиумската писменост кај учениците во трета и четврта година средно образование како повторување на истражувањето реализирано во 2023 година врз истата генерација средношколци во истите средни училишта**

  Период на реализација: Во првата половина од 2026 година
  Резултат: Изработен извештај од истражувањето и презентација на резултатите

## XII. ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

Почитувањето на професионалните стандарди и начелата за вршење на дејноста од страна на медиумските професионалци е исклучително важно прашање, особено во услови кога се зголемува бројот на медиумски услуги достапни онлајн. Потребно е да се јакне свесноста дека стандардите и начелата важат без оглед на начинот на обезбедување на услугата.

**Цел:** Јакнење на слободата на изразување и на слободата на медиумите.

**Активности:**

- **Организирање и поддршка на различни активности насочени кон подобрување на почитувањето на професионалните стандарди кај медиумските услуги**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржани настани, обезбеден друг вид поддршка

- **Презентација и дебата за резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржан настан

- **Обука за вработените во Агенцијата за имплементација на различни прашања кои произлегуваат од усогласувањето на националната медиумска регулатива со ЕУ стандардите**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржани работилници

## XIII. ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТРИ, ЕВИДЕНЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ

Согласно своите законски надлежности, во 2026 година Агенцијата ќе продолжи да ги води следните регистри:

- **Регистар на радиодифузери** (телевизии и радиостаници) и **Регистар на печатени медиуми** - овие два регистри имаат само евиденционен карактер и во нив Агенцијата ќе ги евидентира субјектите на кои ќе им биде доделена дозвола за емитување програма и ќе ги ажурира податоците за постојните радиодифузери и печатени медиуми;

- **Регистар на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање** и **Регистар на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи** - евидентирањето во овие два регистри е услов за да се врши дејноста, поради што Агенцијата уписот ќе го врши по претходна проверка на комплетноста и уредноста на доставена пријава за упис; и

- **Регистар на онлајн медиуми-интернет портали** - уписот во овој регистар е на доброволна основа и се евидентираат само оние субјекти што поднеле пријава и што ги исполнуваат законски утврдените услови. Агенцијата уписот ќе го врши по претходна проверка на комплетноста и уредноста на доставена пријава за упис, како и на исполнувањето на условите утврдени во член 5 од Законот за медиуми.

Активности:

➢ **Водење на регистрите - евидентирање на нови субјекти во регистрите, ажурирање на податоците во регистрите и бришење на субјектите што веќе не ги исполнуваат условите за упис во регистарот**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Ажурирани регистри

Во текот на 2026 година, на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи што доставиле уредна и комплетна пријава, Агенцијата ќе им издава потврди за регистрација на програмски пакет.

**Цел:** Регистрација на програмските сервиси што ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, согласно членот 141 од ЗААВМУ и објавување на регистрираните програмски пакети на веб страницата на Агенцијата.

**Активности:**

➢ **Издавање потврди за регистрација на пакет програмски сервиси на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

  Период на реализација: Во текот на целата година, по доставени пријави за регистрација на пакет програмски сервиси
  Резултат: Издадени потврди за регистрација на пакет програмски сервиси

## XIV. АНАЛИЗИ, СТУДИИ И ИСТРАЖУВАЊА

Агенцијата и оваа година ќе изработи „Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2025 година", а состојбата за бројот и структурата на вработените во телевизиите и радијата ќе биде засебно анализирана во документот „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2025 година". Во 2026 година, ќе продолжи да ги спроведува анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите, во согласност со обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите. Годинава е планирано да се повтори и истражувањето за медиумска писменост реализирано во 2023 година, врз истата генерација средношколци, односно сега кај учениците во трета и четврта година средно образование во истите средни училишта.

Цел: Мапирање на состојбите во индустријата, обезбедување релевантни податоци кои ќе се користат при креирањето на политиките и при спроведување на законските надлежности, како и унапредување на постојната медиумска регулатива.

**Активности:**

- **Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2025 година**

  Период на реализација: Трет квартал од 2026 година
  Резултат: Изработена Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2025 година

- **Анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиските станици и во радиостаниците во 2025 година**

  Период на реализација: Втор квартал од 2026 година
  Резултат: Изработена Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2025 година

- **Студии за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за телевизиско или радио емитување**

  Период на реализација: по потреба
  Резултат: Изработени Студии за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за телевизиско или радио емитување

- **Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на 2026 година

  Резултат: Изработен извештај

- **Истражување на медиумската писменост кај учениците во трета и четврта година средно образование како повторување на истражувањето реализирано во 2023 година врз истата генерација средношколци во истите средни училишта**

  Период на реализација: Во првата половина од 2026 година
  Резултат: Изработен извештај

## XV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во доменот на меѓународната соработка, Агенцијата ќе продолжи проактивно да учествува на состаноци и активности на меѓународните организации и асоцијации од областа на аудиовизуелните медиуми, во кои има членство или статус на набљудувач — како што се Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулатори (MNRA), Европскиот одбор за медиумски услуги (Media Board) и други значајни форуми. Истовремено, ќе се продолжи со зајакнување и продлабочување на билатералната соработка со европските регулатори, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Советот на Европа, како и со активно учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации.

**Цел:** Размена на информации, искуства и добри практики со регулаторни тела од областа на аудиовизуелните медиумски услуги во врска со спроведувањето на медиумското законодавство, како и учество на меѓународни настани и иницијативи насочени кон унапредување на слободата на изразување, слободата на медиумите и создавање поттикнувачко опкружување за нивно функционирање.

**Активности:**

- **Учество во работата и иницијативите на меѓународните асоцијации на регулаторни тела од областа на аудиовизуелните медиуми – Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Европскиот одбор за медиумски услуги (Media Board) и Медитеранската мрежа на регулатори (MNRA) – како и присуство на конференции, форуми и други настани од меѓународен карактер поврзани со медиумската регулатива. Во рамките на овие активности ќе се унапредува меѓуинституционалната и билатералната соработка со европските регулатори, особено со оние од регионот**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Размена и прибирање на знаења, искуства и информации за актуелни прашања од аудиовизуелната сфера, како и потпишување протоколи, меморандуми и други форми на институционална соработка

- **Соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), како и со други меѓународни партнери и институции вклучени во набљудувањето на медиумското претставување за време на изборни процеси**

  Период на реализација: Во текот на целата година

Резултат: Обезбеден континуитет во примената на стандардите и препораките утврдени во документите на релевантните меѓународни организации поврзани со изборниот мониторинг

- **Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Унапредени институционални капацитети преку учество на работилници, обуки и размена на искуства и информации за прашања од аудиовизуелната сфера

- **Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Подготвен и доставен национален придонес кон извештајот за Универзалниот периодичен преглед, со што се обезбедува континуирана вклученост на Агенцијата во процесите на заштита и промоција на човековите права

## XVI. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Во рамките на процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон Европската Унија, Агенцијата ќе продолжи со активно учество во подготовката и спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како и во работата на надлежните работни групи и други тела поврзани со аудиовизуелната дејност. Воедно, Агенцијата континуирано ќе ги следи и ќе ги разгледува можностите за користење финансиски средства преку Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (ИПА).

**Цел:** Усогласување на домашната со европската аудиовизуелна легислатива.

**Активности:**

- **Учество во процесот на подготовка и спроведување на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како и во работните групи формирани за следење на нејзината реализација**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвен придонес кон подготовката на НПАА и доставени периодични извештаи за нејзината имплементација; реализирани состаноци во рамките на работните групи за поглавјата: 1. Политички критериуми; 3.7. Право на интелектуална сопственост; 3.8. Политика на конкуренција; 3.10. Информатичко општество и медиуми; и 3.23. Правосудство и фундаментални права

- **Подготовка на извештаи и информации од значење за процесот на пристапување кон Европската унија, како и учество во работните тела задолжени за водење дијалог со Европската комисија во областа на аудиовизуелните медиумски услуги**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени извештаи како придонес кон Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија; обезбедено учество на претставници на Агенцијата во работните тела во рамките на процесот на европска интеграција меѓу Европската комисија и Република Северна Македонија – Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, Поткомитетот за правда и внатрешни работи и Работниот комитет за европска интеграција.

# XVII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

Со цел да обезбеди транспарентност во своето работење, Агенцијата и во текот на 2026 година ќе продолжи со организирање јавни состаноци, на кои редовно ќе ја информира јавноста и медиумите за реализираните активности. Преку презентации и отворени дискусии, на овие настани ќе се обработуваат и актуелни теми од областа на аудиовизуелните медиумски услуги. Покрај тоа, Агенцијата ќе ја зајакнува транспарентноста и преку редовно ажурирање на официјалната веб страница www.avmu.mk на македонски, албански и англиски јазик, овозможувајќи подостапни информации за сите чинители во аудио и аудиовизуелната област и за пошироката јавност. Редовно ќе бидат ажурирани на македонски, албански и англиски јазик и останатите три веб страници кои ги администрира Агенцијата - www.rodotimediumite.mk, www.mediumskapismenost.mk и www.izborenkodeksonline.mk. Комуникацијата со јавноста ќе се одвива и преку соопштенија за медиумите, прес-конференции, изјави за медиуми, одговори на новинарски прашања и на прашања од граѓани добиени во пораки на Фејсбук профилот на Агенцијата. На Фејсбук профилот редовно ќе бидат објавувани најави за седниците на Советот на Агенцијата, соопштенија за јавност, информации за билатерални и други средби, јавни состаноци и информации за активности поврзани со Деновите на медиумска писменост 2026 година и со Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. Дополнително, снимките од одржаните обуки, работилници, јавни состаноци и други релевантни активности ќе бидат објавувани на официјалниот YouTube канал на Агенцијата. На YouTube каналот во живо ќе се пренесуваат јавни состаноци, седници на Советот на Агенцијата и настани во рамки на Деновите на медиумска писменост 2026.

**Цел:** Обезбедување поголема транспарентност во работењето на Агенцијата и унапредување на комуникацијата со јавноста.

**Активности:**

- **Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

  Период на реализација: Еднаш на секои три месеци
  Резултат: Обезбедена можност сите заинтересирани страни да се запознаат со реализираните активности на Агенцијата согласно Годишната програма за работа и да ги изразат нивните мислења и ставови по однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, а особено за состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги

- **Комуникација со јавноста**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Испратени соопштенија до медиумите, одржани прес-конференции, дадени изјави за медиуми, одговори на новинарски прашања и на прашања од граѓани добиени во пораки на Фејсбук профилот на Агенцијата

- **Ажурирање на веб страницата на Агенцијата „www.avmu.mk“ на македонски, албански и англиски јазик**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница и достапни информации за сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата

- **Ажурирање на веб страницата „www.rodotimediumite.mk“ на македонски, албански и англиски јазик**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница со достапни анализи, видеа и други релевантни материјали поврзани со активностите на Агенцијата, како и на други институции, здруженија и организации кои се занимаваат со родови прашања

- **Ажурирање на веб страницата „www.mediumskapismenost.mk“ на македонски, албански и англиски јазик**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница со достапни анализи, видеа и други материјали поврзани со „Деновите на медиумска писменост 2026“, активностите на Агенцијата, како и на други институции, здруженија и организации кои работат на унапредување на медиумската писменост кај сите граѓани

- **Ажурирање на веб страницата „www.izborenkodeksonline.mk“ на македонски, албански и англиски јазик**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница и достапни претставки и нивни одговори за непочитување на етичките начела и принципи пропишани во Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, релевантните закони и подзаконски акти кои се земаат предвид при постапувањето по претставките, ставови на Координативното тело и сл.

- **Ажурирање на Фејсбук и Инстаграм профилот на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Објавени информации, пораки и видеа поврзани со Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми

- **Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Поставени снимки од обуки, работилници, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата на нејзиниот YouTube канал

- **Ажурирање на содржините на Фејсбук профилот на Агенцијата**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Објавени содржини од билатерални и други средби, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата, најави за седниците на Советот на Агенцијата и за други активности на Агенцијата

- **Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Одговор на поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер и нивна објава на веб страницата на Агенцијата; ажурирана листа со информации од јавен карактер

- **Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера**

Период на реализација: По потреба, во текот на целата година
Резултат: Отпечатени и дистрибуирани публикации, брошури, летоци и слично, до сите релевантни субјекти и граѓаните.

- **Постапување согласно Законот за заштита на укажувачите**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Обезбедување законска заштита на укажувачите од било каков вид на повреда на права, штетно дејствие, односно опасности од штетни дејствија заради извршено пријавување

- **Постапување согласно Законот за постапување по претставки и предлози**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Обезбедување заштита и остварување на правата и интересите на подносителите на претставката/предлогот, како и на јавните интереси утврдени со закон

## XVIII. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА

Во насока на унапредување на својот институционален капацитет, Агенцијата ќе продолжи да спроведува активности за примена на ISO стандардите во своето секојдневно работење. Станува збор за активности кои ќе обезбедат одржување на сертификатот за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, како и активности за сертификација согласно стандардот ISO 27001.

**Цел:** Интерна проверка и разгледување на процедурите за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, континуирана усогласеност на работата на Агенцијата со овој стандард, зголемување на безбедноста на информациите, заштита на ИКТ системот и заштита на личните податоци во Агенцијата.

- **Интерни проверки за усогласеност на работењето со стандардот ISO 9001:2015 и разгледување на постојните ISO процедури во Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на целата годината
  Резултат: Извештаи од интерните проверувачи и Кумулативен извештај од спроведени интерни проверки за работењето на Агенцијата согласно стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015

- **Активности во врска со надзорна проверка на сертификатот од страна на економски оператор кој е акредитирано сертификациско тело од Институтот за Акредитација за сертификација на системите за квалитет ISO 9001:2015**

  Период на реализација: Втора половина од 2026 година
  Резултат: Одржување на стекнатиот сертификат со кој се потврдува дека Агенцијата го применува системот за менаџмент со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015

- **Активности поврзани со процесот на сертификација на Агенцијата за стандардот за безбедност на информации ISO 27001**

  Период на реализација: Втора половина од 2026 година
  Резултат: Стекнување сертификат за ISO 27001, со што ќе се потврди работењето на Агенцијата согласно овој стандард во однос на заштитата на информациите и личните податоци

- **Надворешна контрола за безбедност и издржливост на мрежата и интернет порталите на Агенцијата**

  Период на реализација: Втора половина од 2026 година
  Резултат: Изработка на писмен извештај од надворешно стручно лице за безбедност на ИТ мрежа, со детали кои ги содржат сите можни пропусти, како и предлози за подобрување

# XIX. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Врз основа на постојниот стратешки план за внатрешна ревизија, во 2026 година се планира спроведување на ревизии на процеси кои по извршена проценка на ризик се утврдени како приоритетни.

Цел: Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за создавање, заштитување и одржување вредности, односно преку поединечни ангажмани внатрешната ревизија ја оценува соодветноста, ефикасноста и ефективноста на системот за внатрешни контроли и врз основа на објективни докази обезбедува независно и соодветно ниво на разумно уверување дека постојните процеси за управување со ризик, контролите и управувањето со работењето се во функција на постигнувањето на целите на Агенцијата.

Активности:

- **Ревизија за следење на спроведувањето на препораките** (follow-up)

  Период на реализација: Прв квартал од 2026 година

  Резултат: Ревизорски меморандум

- **Ревизија на процесот на вршење надзор врз содржините што ги емитуваат радиодифузерите за време на изборен процес**

  Период на реализација: Втор квартал од 2026 година

  Резултат: Конечен ревизорски извештај

- **Ревизија на процесот на безбедност на Агенцијата во областа на информациско-комуникациската технологија (ИКТ)**

  Период на реализација: Трет квартал од 2026 година

  Резултат: Конечен ревизорски извештај

- **Советодавен ангажман или ревизија на барање на раководството на Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на целата година

  Резултат: Ревизорски меморандум/Конечен ревизорски извештај

- **Ажурирање на ревизорскиот универзум и на Стратешкиот план за внатрешна ревизија и изготвување Годишен план за внатрешна ревизија за 2027 година**

  Период на реализација: ноември-декември 2026 година

  Резултат: Стратешки план на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 2027 до 2029 година и Годишен план на Службата за внатрешна ревизија за 2027 година

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

ПРИЛОГ БР.1

| | ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ СПОРЕД СЕКТОРОТ КОЈ Е НАДЛЕЖЕН ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА И ПЕРИОДОТ ВО КОЈШТО ТРЕБА ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ | | |
|---|---|---|---|
| | **Активност** | **Надлежен сектор** | **Период на реализација** |
| | Анализа на постојната регулаторна рамка, идентификување на потребните измени и дополнувања, со препораки и предлози за нејзино подобрување | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Измени на „Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги" и на „Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги" | Сите сектори | Во првата половина на годината |
| | Изработка на „Концепт за развој на фондот за поддршка на медиумскиот плурализам" | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во првата половина на годината |
| | Поттикнување на процесот за воведување дигитално радио (DAB) | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Надзор над медиумското покривање на локалните избори во општините Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште и Центар Жупа | Сектор за програмски работи | Во првата половина на годината |
| | Програмски надзори врз програмите на радиодифузерите | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Програмски надзори врз каталозите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Програмски надзори врз програмските пакети на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Административни надзори врз работењето на радиодифузерите | Сектор за програмски работи,<br><br>Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права и<br><br>Сектор за финансии и логистика | Во текот на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Административни надзори врз аудиовизуелните медиумски услуги по барање | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права и<br><br>Сектор за финансии и логистика | Во текот на годината |
| | Административни надзори врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи | Сектор за финансии и логистика | Во првата половина на годината |
| | Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Административен надзор над работењето на издавачите на онлајн медиумите – интернет портали | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Стручен надзор над радиодифузерите | Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во текот на целата година, по доделени дозволи или промена на просториите во кои се произведува програмата |
| | Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година, по поднесени известувања |
| | Следење на сопственичката структура на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Изработка на посебно визуелно решение со податоци за сопствениците на медиумите | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот и<br><br>Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во првиот квартал од годината |
| | Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во првата половина на годината |
| | Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и без објавување јавен конкурс | Сектор за правни работи и јавни набавки во соработка со сите сектори | Во текот на целата година, по потреба |
| | Надзор над исполнувањето на обврската за доставување годишен извештај за реализацијата на акциските планови за пристапност за 2025 година | Сектор за програмски работи и<br><br>Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во првата половина на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Надзор над спроведувањето на акциските планови за пристапност за 2026 година | Сектор за програмски работи и<br><br>Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Работилница со заинтересирани страни за спроведувањето на обврските за пристапност | Сектор за програмски работи | Во првата половина на годината |
| | Поддршка на Мрежата за медиумска писменост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Организација на Денови на медиумска писменост 2026 | Сектор за програмски работи | Во втората половина на годината |
| | Подигање на свеста кај јавноста за значењето на медиумската писменост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината – по потреба |
| | Истражување на медиумската писменост кај учениците во трета и четврта година средно образование како повторување на истражувањето реализирано во 2023 година врз истата генерација средношколци во истите средни училишта | Сектор за програмски работи | Во првата половина од 2026 година |
| | Организирање и поддршка на различни активности насочени кон подобрување на почитувањето на професионалните стандарди кај медиумските услуги | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Презентација и дебата за резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Обука за вработените во Агенцијата за имплементација на различни прашања кои произлегуваат од усогласувањето на националната медиумска регулатива со ЕУ стандардите | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Водење на регистрите - евидентирање на нови субјекти во регистрите, ажурирање на податоците во регистрите и бришење на субјектите што веќе не ги исполнуваат условите за упис во регистарот<br><br>Регистрација на програмските сервиси што ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи | Сектор за правни работи и јавни набавки (регистрите на телевизии и радија) и<br><br>Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права (останатите четири регистри) и | Во текот на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | регистрација на програмски пакети | |
| | Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2025 година | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Трет квартал од 2026 година |
| | Анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиските станици и во радиостаниците во 2025 година | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Втор квартал од 2026 година |
| | Студии за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за телевизиско или радио емитување | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината, по потреба |
| | Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Учество во работата и иницијативите на меѓународните асоцијации на регулаторни тела од областа на аудиовизуелните медиуми – Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Европскиот одбор за медиумски услуги (Media Board) и Медитеранската мрежа на регулатори (MNRA) – како и присуство на конференции, форуми и други настани од меѓународен карактер поврзани со медиумската регулатива. Во рамките на овие активности ќе се унапредува меѓуинституционалната и билатералната соработка со европските регулатори, особено со оние од регионот | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), како и со други меѓународни партнери и институции вклучени во набљудувањето на медиумското претставување за време на изборни процеси | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Учество во процесот на подготовка и спроведување на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како и во работните групи формирани за следење на нејзината реализација | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Подготовка на извештаи и информации од значење за процесот на пристапување кон Европската унија, како и учество во работните тела задолжени за водење дијалог со Европската комисија во областа на аудиовизуелните медиумски услуги | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Еден јавен состанок на секои три месеци |
| | Комуникација со јавноста | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Ажурирање на веб страницата на Агенцијата „www.avmu.mk" на македонски, албански и англиски јазик | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Ажурирање на веб страницата „www.rodotimediumite.mk" на македонски, албански и англиски јазик | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Ажурирање на веб страницата „www.mediumskapismenost.mk" на македонски, албански и англиски јазик | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Ажурирање на веб страницата „www.izborenkodeksonline.mk" на македонски, албански и англиски јазик | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Ажурирање на Фејсбук и Инстаграм профилот на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Ажурирање на содржините на Фејсбук профилот на Агенцијата | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер | Сектор за правни работи и јавни набавки, во соработка со другите сектори | Во текот на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на годината |
| | Постапување согласно Законот за заштита на укажувачите | Лице за прием на пријави од укажувачи | Во текот на годината |
| | Постапување согласно Законот за постапување по претставки и предлози | Лице за постапување по претставки и предлози | Во текот на годината |
| | Интерни проверки за усогласеност на работењето со стандардот ISO 9001:2015 и разгледување на постојните ISO процедури во Агенцијата | Интерни проверувачи во Агенцијата | Во текот на годината |
| | Активности во врска со надзорна проверка на сертификатот од страна на економски оператор кој е акредитирано сертификациско тело од Институтот за Акредитација за сертификација на системите за квалитет ISO 9001:2015 | Сите сектори | Втора половина од 2026 година |
| | Активности поврзани со процесот на сертификација на Агенцијата за стандардот за безбедност на информации ISO 27001 | Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Втора половина од 2026 година |
| | Надворешна контрола за безбедност и издржливост на мрежата и интернет порталите на Агенцијата | Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Втора половина од 2026 година |
| | Ревизија за следење на спроведувањето на препораките (follow-up) | Служба за внатрешна ревизија | Прв квартал од 2026 година |
| | Ревизија на процесот на вршење надзор врз содржините што ги емитуваат радиодифузерите за време на изборен процес | Служба за внатрешна ревизија | Втор квартал од 2026 година |
| | Ревизија на процесот на безбедност на Агенцијата во областа на информациско-комуникациската технологија (ИКТ) | Служба за внатрешна ревизија | Трет квартал од 2026 година |
| | Советодавен ангажман или ревизија на барање на раководството на Агенцијата | Служба за внатрешна ревизија | Во текот на годината |
| | Ажурирање на ревизорскиот универзум и на Стратешкиот план за внатрешна ревизија и изготвување Годишен план за внатрешна ревизија за 2027 година | Служба за внатрешна ревизија | Ноември-декември 2026 година |